OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 22 јули 2016

# ЕДИНСТВЕНО ВО ОХРИДСКА БАНКА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ ДЕПОЗИТ ИЛИ ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА ПЛУС ОСИГУРУВАЊЕ

**Осигурување на иматели на денарска трансакциска сметка и денарски орочени депозити за осигурителна премија од само 1 односно 2 евра месечно**

Охридска банка Сосиете Женерал го збогатува своето портфолио на производи со осигурување и воведува две нови уникатни понуди на македонскиот пазар со кои иматели на денарска трансакциска сметка и депоненти со орочени депозити во денари добиваат плус и осигурување на лица.

Единствено во Охридска банка Сосиете Женерал, клиентите кои се иматели на денарска трансакциска сметка или имаат денарски орочен депозит во банката добиваат дополнителна можност за осигурување, со што во случај на настан кој го покрива осигурувањето добиваат поголема сигурност и финансиска поткрепа на семејството.

Во соработка со осигурителната компанија Граве Осигурување, секој имател на денарска трансакциска сметка во Охридска банка Сосиете Женерал за осигурителна премија од само 1 евро месечно по полиса добива можност за осигурување при што Охридска банка Сосиете Женерал, во случај на осигуран настан, му овозможува на осигуреното или назначеното лице финансиски бенефит што ќе биде исплатен на неговата сметка како: итен еднократен надомест од 500 евра по осигурување и вкупна сума еднаква на приливите на денарската трансакциска сметка на осигуреникот во последните 12 месеци пред датумот на случување на осигурениот настан, но не повеќе од 2500 евра по полиса.

Охридска банка Сосиете Женерал овозможува за осигурителна премија од само 2 евра месечно по полиса осигурување на лица - депонентите со денарски орочени депозити, со што во случај на осигурен настан клиентот добива финансиски бенефит кој ќе се исплати на сметка на осигуреното или назначеното лице во форма на: итен еднократен надомест од 500 евра по осигурување и вкупна сума еднаква на износот на денарскиот орочен депозит

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

на осигуреникот на датумот на случување на осигурениот настан, но не повеќе од 5500 евра по полиса.

Клиентот може да аплицира за максимум 3 полиси, а во зависност од нивниот број при настанување на осигурениот настан добива удвоена или трипати поголема сума. Полисата на Охридска банка Сосиете Женерал и Граве Осигурување ги покрива следниве ризици: смрт како резултат на несреќен случај, трајна и целосна загуба на способноста како резултат на несреќен случај и смрт како резултат на болест.

Депозит или трансакциска сметка плус осигурување клиентите можат да добијат во било која експозитура на Охридска банка Сосиете Женерал со брзо и лесно аплицирање, за чие одобрување е потребен само еден ден, а начинот на плаќање на месечната осигурителна премија е едноставен и оди директно преку денарската трансакциска сметка на клиентот. Повеќе информации на www.ohridskabanka.mk и www.graweskopje.com.mk

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ**
**И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013